Врз основа на член 17, а во врска со член 40, 41, 44, 45, 46, 47, 48 и 146 став 4 од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 13/2005, 14/2007 и 55/2007), во постапката за определување на оператори со значителна пазарна моќ на релевантен пазар, в.д. директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 26.11.2007 година го донесе следното

# Р Е Ш Е Н И Е

I

СЕ ОПРЕДЕЛУВААТ: Т-Мобиле Македонија, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје и Космофон, Акционерско друштво за мобилни комуникации, Скопје, за оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо број 16- Услуга за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија.

II

На операторите со значителна пазарна моќ од точка I на ова решение им се наметнуваат следните обврски:

- Интерконекција и пристап;
- Транспарентност при интерконекција и пристап;
- Недискриминација при интерконекција и пристап;
- Посебно сметководство;
- Контрола на цени и обврски за сметководство на трошоци.

III

Операторите со значителна пазарна моќ се должни обврските утврдени во точка II на ова решение да ги исполнат на начин и постапка утврдена во Законот за електронските комуникации и прописите донесени врз основа на него.

IV

Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата изврши анализа на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо број 16- Услуга за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија. Анализата беше извршена на начин и постапка утврдена со Законот за електронските комуникации, а во согласност со Одлуката за дефинирање на

релевантни пазари во Република Македонија, донесена од Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на ден 17.08.2005 година и истата на ден 29.06.2007 година беше објавена на веб страната на Агенцијата за електронски комуникации.
Со анализата беше опфатен периодот од јули/2006 до јули/2007 година. При анализата, односно проценката дали еден оператор има значителна пазарна моќ на релевантен пазар беа земени предвид критериумите утврдени во член 40 став 4 од Законот за електронските комуникации. При тоа, а имајќи го предвид фактот дека само операторот кој ја нуди услугата за завршување на повик може да ги завршува повиците кон корисници на неговата мрежа од што произлегува дека и Т-Мобиле АД Скопје и Космофон АД Скопје, односно секој од нив има 100% учество на пазарот на услуги за завршување на повик на големопродажно ниво, како и фактот дека комбинацијата од значителното учество на пазарот и легалните и структурните ограничувања за влез се доволен показател за постоење на пазарна моќ, се заклучи дека и двата оператори се оператори со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо број 16- Услуга за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи на географското подрачје на Република Македонија. Со оглед на ова, а во соработка со Комисијата за заштита на конкуренцијата на определените оператори со значителна пазарна моќ им се утврдуваат обврски за кои се смета дека се најсоодветни за спречување на постојната значителна моќ на пазарот на услуги за завршување на повик во јавни мобилни комуникациски мрежи
Поради сето ова горе наведено се донесе решение како во диспозитивот.

Правна поука Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на истото до Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации.

в.д ДИРЕКТОР
Лилјана Денковска